**20230841594**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20) и член 20 став 3 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), министерот за образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ИСПИТИТЕ ВО ДРЖАВНА МАТУРА ВО ГИМНАЗИСКОТО, СТРУЧНОТО И СРЕДНОТО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ**

Член 1

Во Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10, 63/12 и 159/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/21), во член 14 по ставот 9 се додава нов став 10, кој гласи:

„Кандидатот кој не се пријавил во роковите утврдени во ставовите 1 и 5 на овој член, може да се пријави за полагање на испитите од државната матура во средното училиште во кое кандидатот полага, најдоцна 45 дена пред почетокот на јунска испитна сесија, односно најдоцна 20 дена пред почеток на августовска испитна сесија во тековната учебна година. Училиштето пријавата ја доставува до Државниот испитен центар најдоцна три дена од денот на нејзиното поднесување.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.18-4346/1
12 април 2023 година
Скопје

Министер
за образование и наука,
Доц. д-р **Jeton Shaqiri,** с.р.